# 2024

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство**

# СОДРЖИНА


03 Вовед

06 Влијание врз националните и локалните политики

14 Јакнење на капацитетите на релевантните институции

16 Јакнење на женските граѓански организации

22 Актуелизирање на проблемот со насилство врз жени

28 Активности за прибирање средства

31 Женските организации како специјализирани сервиси за жени и деца жртви на РБН и СН

36 Развивање меѓународна (регионална) соработка

41 Публикации - истражувања/анализи

44 Финансиски извештај

47 Тимот на Мрежата

48 Донатори

49 Поддржувачи

# Вовед

Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство во 2024г. ги имплементираше следниве проекти:

**„На пат кон ЕУ: Спречување на насилството врз жените во Република Македонија“** чија цел е подобрен дијалог со носителите на одлуки за подобрување на законската рамка и системот за заштита и поддршка на жените од сите форми на насилство, како и зголемено учество и видливост на женските организации во процесот на пристап во ЕУ со подобрен пристап до релевантни податоци за различните форми на родово базирано насилство. Проектот е поддржан од шведската фондација Квина тил Квина.

**„Патот напред: Решенија за подобар одговор на потребите за ментално здравје и психосоцијална поддршка за децата и младите во С. Македонија“** чија цел е креирање решенија за одржлив и ефективен систем за заштита и поддршка на децата и младите за благосостојба на менталното здравје и психосоцијална поддршка (МЗПСП). Проектот е поддржан од канцеларија на УНИЦЕФ.

**„Насилство врз жените како приоритет во националните институции**“ чија цел е приоретизирање на прашањето за насилство врз жени и деца преку застапување за целосно усогласување на националното законодавство со Истанбулската конвенција и соодветна примена на постоечките законски решенија. Во рамките на проектот се изработи придонес кон Извештајот за Универзалниот периодичен преглед (УПП) на човекови права, кој се фокусираше на насилство врз жени и деца. Проектот се спроведе во рамките на грантовата шема „Човековите права во практиката“ и се спроведува во рамките на проектот „Заедничка акција за човекови права“, кој го спроведува Институтот за Европска политика (ЕПИ), а е финансиран од Европската Унија.

**„Советувалиште за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство – Женски центар за поддршка – Скопје“** чија цел е обезбедување долготрајни специјализирани услуги за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство, за сеопфатна помош и поддршка на оваа ранлива категорија во Градот Скопје. Во рамките на проектот се обезбедуваше психосоцијално советување и поддршка за жени и деца жртви на насилство, надминување на траумите, економско јакнење и намалување на ризикот од идно насилство, со цел нивна интеграција и живот без насилство. Проектот е поддржан од Град Скопје.

**„Следење на судски случаи за фемицид и родово базирано насилство“** чија цел е подобрување до пристапот до правда на жени жртви на родово базирано насилство, преку воспоставување соработка со судовите, судиите и јавните обвинители со цел поголема транспарентност и правично, како и посензитивен пристап при процесирање на овие случаи. Во рамките на проектот се спроведе мониторинг на судски случаи на родово базирано насилство од повеќе градови. Проектот е поддржан од  AIRE .

**„Справување со анти-родовите движења во С. Македонија“** чија цел е креирање комуникациска стратегија за справување со анти-родовите движења во Северна Македонија, наменета за граѓанските организации кои работат на родова еднаквост и родово базирано насилство како и спроведување кампања на социјалните медиуми за подигање на свеста за заканите и ризиците од анти-родовото движење за нашето општество. Проектот е поддржан од Амбасада на Франција во Скопје.

**„Економско јакнење и реинтеграција на жени жртви на родово базирано и семејно насилство“** чија цел е создавање поволна средина за економски раст на жените жртви на родово базирано и семејно насилство, да им се помогне да ја напуштат насилната средина и да обезбедат стабилни приходи за себе и своите деца. Преку овој проект ќе се поддржат 2 бизнис идеи на жени жртви за кои ќе бидат обезбедени грантови и менторска поддршка за основање на бизнисот. Проектот е поддржан од  Амбасадата на САД.

**Во одбрана на правото да бидам „Јас“** чија цел е зајакнување на капацитетите за борба против анти-родовиот наратив на интернет и на терен. Во рамките на проектот се работи на подигање на свеста преку организирање тркалезни маси на тема родова еднаквост и родови прашања во 10 градови низ државата и; Борба против анти-родовиот наратив на интернет: идентификација и свесност, преку креирање информативни веб содржини (видео клипови, објави на социјални мрежи). Проектот е поддржан од Француско Министерство за надворешни работи и Европа.

**„СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство“** чија цел е зајакнување на граѓанските организации да поттикнат позитивна промена во однесувањето во општеството за ефикасна заштита на жените од родово базирано насилство во Северна Македонија, преку нивно активно вклучување и градење капацитети за застапување, следење и обезбедување услуги, подобрување на јавните политики и оспособување на клучните институции за родово-сензитивни и засновани на човекови права истраги и известување во случаи на сексуално насилство.Проектот е поддржан од Европската Унија.

**„Советувалишта за жени и деца жртви на насилство и семејно насилство – Скопје и Тетово“** чија цел на овој проект е да се подобри пристапот до специјализирани сервиси за жени и деца жртви на насилство и семејно насилство на локално ниво. Проектот е поддржан од Министерство за труд и социјална политика.

**„Советувалиште за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство – Женски центар за поддршка – Битола“** чија цел е да се обезбедат долготрајни специјализирани услуги за жени и деца жртви на родово базирано и семејно насилство за сеопфатна помош и поддршка на оваа ранлива категорија во Пелагонискиот регион. Проектот е поддржан од Општина Битола.

# Благодарница од Националната Федерација на Фармери




Во 2024 година, Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство доби признание кое го потврдува значењето на заедничката работа во унапредување на женските права. По повод Меѓународниот ден на руралните жени, Националната федерација на фармери (НФФ) на свеченоста во село Дихово, Битолско, додели благодарници на организации и жени со значаен придонес во зајакнувањето на руралните заедници.

Благодарницата во име на Мрежата ја прими Ана Аврамоска Нушкова. Ова признание ја валоризира нашата заложба за подобрување на положбата на жените, особено во руралните средини, каде економското јакнење е клучно за нивната реинтеграција и независност.

Настанот собра над 200 учеснички — рурални жени, земјоделки, претставници на институции и граѓански организации. Панел-дискусијата „Родовата еднаквост на руралните жени: Подобрување на економскиот статус“ ги отвори прашањата за здравствената и социјалната заштита, економската независност и потребата од поголема статистичка видливост.

Признанието ја потврдува вредноста на нашата работа во борбата против насилството и поддршката на ранливите заедници, како дел од пошироката заложба за еднаквост и достоинство. 2024 ја гледаме како година во која солидарноста се претвори во конкретни дела, а партнерствата станаа двигатели на промена.

Со искрена благодарност до НФФ и сите партнери, ова признание го посветивме на руралните жени — столбови на заедницата, симбол на издржливост и надеж.

06

# ВЛИЈАНИЕ ВРЗ НАЦИОНАЛНИТЕ И ЛОКАЛНИТЕ ПОЛИТИКИ

# Зачувување и заштита на менталното здравје на деца и адолесценти: Презентација на патоказ и решенија

На 14ти Март организиравме настан за презентација на финални документи поврзани со заштита и зачувување на менталното здравје кај деца и адолесценти во Р. Северна Македонија.



Документите опфаќаат:

- *Компаративна анализа на националното законодавството за заштита на децата поврзано со ментално здравје и психосоциајлна поддршка, споредено со меѓународни и ЕУ стандарди,*
- *Анализа на јазовите во услугите, капацитетите и потребите за ментално здравје и психосоцијална поддршка на децата во системот за детска и социјална заштита, вклучувајќи услуги за деца во ризик, семејства/негуватели и професионалци,*
- Патоказ за развој на услугите и капацитетите на системот за детска и социјална заштита.

Сите три документи се однесуваат на системот на социјална и детска заштита, и содржат наоди и препораки за тоа што постои и е достапно во Северна Македонија, а се однесува на менталното здравје на деца и адолесценти.



Документите ги презентираа националните експертки Елена Димушевска, Неда Чаловска Димоска и Ана Попризова, а свое обраќање имаше и претставничката на УНИЦЕФ во Северна Македонија, Патриција ДиЏовани.

Клучен документ е патоказот кој содржи конкретни чекори за следните 5 години наменети за сите чинители во системот, пред сè Министерството за труд и социјална политика, како и Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, Министерството за правда, локалната самоуправа и граѓанскиот сектор.

Патоказот беше поздравен од многубројните претставници на институциите и граѓанските организации, кои беа вклучени во процесот на подготовка и дадоа свој придонес во креирање и финализирање на документот.

# Советниците од скопските општини во дијалог за родова еднаквост и спречување на насилството

Во месец мај се одржа  панел-дискусија посветена на важноста на родовата еднаквост за спречување на насилството врз жени и девојчиња.

На настанот беа присутни советници и претставници од општините во Скопскиот плански регион, кои заеднички ја нагласија улогата на локалната самоуправа во воспоставување и одржување на локални и регионални специјализирани услуги за поддршка на жени и деца жртви на насилство.

Во рамки на дискусијата беа отворени и прашања поврзани со поширокиот контекст на родовата еднаквост:

- родовиот јаз во платите,
- моделот на сеопфатното сексуално образование,
- предизвиците со кои се соочуваат жените од руралните средини,
- женската сиромаштија како бариера за еднаквост.

Панелистките ја потенцираа и потребата од континуирано унапредување на родовата еднаквост во општеството, како предуслов за намалување и спречување на насилството врз жените и девојчињата.



Оваа панел-дискусија беше дел од поширока серија на вакви настани што се реализираа во повеќе градови низ земјата. Со нив се овозможи размена на искуства и добри практики, како и зајакнување на капацитетите на локалните власти за креирање одржливи решенија во корист на жените и девојчињата.

# “Под површината: Неистражени аспекти на родовото базирано насилство”

Во септември промовиравме два тематски извештаи проследени со панел дискусии: “Заштита на сексуалната приватност во време на нови технологии” и “Спремноста на македонското општество за воведување на концептот на заедничко родителство/старателство”.

Авторката Мартина Дранговска Мартинова ги презентираше главните наоди и препораки од извештајот „Зајакнување на правната заштита од сексуално насилство преку слики и дипфејк технологија“. На панелот говореа и Билјана Арсовска од Јавното обвинителство која ги претстави предизвиците во постапувањето по вакви случаи, Азамела Чуљевиќ од Одделението за компјутерски криминал при МВР која говореше за оперативните предизвици и постапување на секторот, и проф. д-р Александра Деановска Трендафилова која ја нагласи потребата од унапредување на Кривичниот законик во насока на регулирање нови форми на дигитално насилство.



Во вториот дел од настанот беше презентиран извештајот „Рамнотежа помеѓу заедничкото родителство и најдобриот интерес на детето“ изработен од Наташа Петковска. Дискусијата продолжи со осврти на психолошките последици врз децата од страна на семејната психотерапевтка Деспина Стојановска и правните аспекти од адвокат Јанаки Митровски, со фокус на случаи на семејно насилство. Елена Димушевска од Националната мрежа зборуваше за децата како директни или индиректни жртви на насилство и системските предизвици при примената на концептот на заедничко родителство.



Настанот го модерираше Ана Аврамоска Нушкова, а учествуваа над 50 претставници од институции, граѓански организации и меѓународни организации, вклучително и пратенички. Присуството на медиумите ја истакна важноста на дискутираните теми.

# Работна средба со пратеничките во Собранието на РСМ

Во октомври, претставнички од тимот на Националната мрежа остварија средба со пратеничките во Собранието на Република Северна Македонија. Разговорот беше насочен кон актуелната состојба со насилството врз жените и децата, како и институционалната поддршка и заштита што треба да им биде обезбедена на жртвите. Средбата претставуваше можност да се споделат реалните предизвици со кои се соочуваат жените кои пријавуваат насилство, како и практичните бариери во пристапот до заштитни механизми.

Во контекст на препораките од ГРЕВИО, беа истакнати потребните законски и системски промени, со посебен акцент на дополнувањето на Кривичниот законик за подобрување на заштитата на жените кои се или можат да бидат жртви на родово засновано и семејно насилство. Беше нагласено дека потребни се јасни процедури, специјализирана обука за институциите и усогласување со меѓународните стандарди за заштита на жртвите.

Дополнително, беше отворено прашањето за една од најмаргинализираните групи — жените со попреченост кои преживуваат насилство, и потребата од нивна видливост, достапност на услуги и соодветна, индивидуализирана поддршка. Беше истакнато дека тие често се соочуваат со двојна дискриминација, што ја усложнува нивната положба и дополнително ја ограничува можноста за излегување од насилните ситуации.

Како клучна точка на дискусијата се издвои темата за реинтеграција на жени жртви на насилство преку обезбедување функционални, достапни и финансиски одржливи специјализирани сервиси за нив и нивните деца. Учесничките ја подвлекоа важноста од долгорочни решенија како што се социјално домување, поддршка за вработување и психосоцијални услуги. Заеднички беше нагласено дека инвестицијата во безбедноста и благосостојбата на жените претставува инвестиција во стабилно и праведно општество, и дека институционалната соработка е неопходна за вистински напредок.



# Премостување на јазот во економското зајакнување на жените и девојките во С. Македонија – Достапни можности, мерки, предизвици и препораки

Заедно со Здружението за еднакви можности – Мрежа Стела, на 10-ти Октомври 2024г. организиравме панел дискусија на тема „Премостување на јазот во економското зајакнување на жените и девојките во Северна Македонија: Достапни можности, мерки, предизвици и препораки“.

Дискусијата беше фокусирана на сегашните и идните мерки за вработување достапни според Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година, резултати, предизвици и препораки за понатамошно подобрување.

Панелот го започна Наташа Димова од Мрежа Стела која го презентираше документот за јавни политики, и ги претстави предизвиците со кои се соочуваат жените и девојките во Македонија при вработувањето и при искористување на активните мерки за вработување и/или отпочнување сопствен бизнис. Сузана Арсовска-Костадинова, претставничка од



Министерството за економија и труд, зборуваше за мерките за поддршка на малите претпријатија и сподели колку тие се користат од различните целни групи, додека Павлина Костовска Грујовска, претставничка од АВРМ, ја објасни ефикасноста на активните мерки за вработување. Марија Трифуновска од УНДП истакна важни информации кои секој/а треба да ги знае, со посебен акцент на тоа дека жртвите на насилство не смеат да станат економски жртви и да ја продолжат нишката на зависност. Катерина Златановска Поповска, кариерна консултантка и тренер за меки вештини, го опиша процесот на терен и објасни како тие им помагаат на жените жртви на насилство да изградат самодоверба и да бидат подготвени за започнување на сопствен бизнис.

Говорничките зборуваа за економските предизвици на жените и девојките во нашето општество, (самохрани мајки, жени земјоделки, жени кои преживеале насилство и други жени со намален пристап кон можности), но исто така и на важноста на менторството и кариерното советување како поддршка за започнување и одржување на сопствен бизнис.

Во неколку наврати беше потенцирано дека е потребен индивидуален пристап при креирање на мерките, земајќи ги предвид специфичните потреби на секоја личност (што всушност е една од препораките од документот).

Сите присутни се согласија дека за реални промени потребен е функционален менторски систем кој ќе трае подолг временски период.

Модераторка на дискусијата беше Елена Димушевска од Национална мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

# Јавна расправа во Комисијата за еднакви можности

Во Собранието на Република Северна Македонија, на 25-ти Ноември 2024г., се одржа јавна расправа за спречување на насилството врз жените и семејното насилство, дел од кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“. На расправата во воведниот дел се обрати Претседателката на Комисијата за еднакви можности, Жаклина Пешевска, истакна дека економската зависност и социјалната изолираност се фактори за насилство врз жените. Дополнително се обратија и заменик генералниот секретар, Бобан Стојановски, Амбасадорот на ОБСЕ, Килиан Вал, и Заменик-министерот за социјална политика, демографија и млади, Ѓоко Велковски.



Извршната директорка на Националната мрежа, Елена Димушевска имаше свое излагање од говорницата на јавната расправа, каде потсети на важноста на постоењето и одржливоста на специјализираните услуги за жртви на насилство врз жени и семејно насилство низ целата држава. Имено, клучно за постоењето на овие услуги е финансирање на истите преку државните буџетите, за што е потребно да се обезбедат средства за оваа посебна намена.

На настанот присуствуваа пратеници и пратенички, претставници од релевантните министерства, меѓународни, национални и локални граѓански организации. Говорниците заклучија дека има пораст на пријавувањето на различните форми на родово базираното насилство и побараа постојана координација и заеднички пристап.. Истакнаа дека државата има добра законска рамка, но потребно е да се посветат повеќе ресурси за да се постигне имплементација.

# Презентација на методологијата за воспоставување на Femicide Watch во Северна Македонија

На 11 декември во Скопје, беше промовирана првичната верзија на методологијата за воспоставување на Опсерваторија за Фемициди (Femicide Watch) — систем за следење и анализа на случаи на фемицид во Северна Македонија. Настанот беше организиран од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во партнерство со Националната мрежа и Хелсиншкиот комитет за човекови права.



На средбата воведни обраќања имаа претставници од ресорните министерства, извршната директорка на Хелсиншкиот комитет и шефот на Мисијата на ОБСЕ. Во своите говори, тие ја нагласија потребата од координиран и унифициран одговор на фемицидот, како и значењето на соработката меѓу државните институции, граѓанското општество и меѓународната заедница.

Методологијата ја изработи и ја презентираше Елена Димушевска, извршната директорка на Мрежата. Презентацијата понуди детален преглед на предложената методологија, со цел да се добијат повратни информации од релевантните институции и граѓанското општество, а со цел унапредување на документот. Овој процес поставува основа за создавање одржлив систем за прибирање и анализа на податоци, со интенција да прерасне во национален ресурс и регионален модел за следење на најекстремната форма на родово базирано насилство – убиство.

Меѓу присутните беа претставници од министерството за внатрешни работи, министерството за труд и социјална политика, граѓански организации, судии и јавни обвинители, како и стручна јавност.

На крајот на средбата беше најавено дека процесот на воспоставување на Опсерваторијата за Фемициди ќе започне во 2025 и се очекува до крајот на годината и официјално да се промовира Платформата за следење на фемициди и обиди за фемициди - алатка за систематско собирање податоци, спроведување истражувања и подготовка на анализи.

14

# ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА РЕЛЕВАНТНИТЕ ИНСТИТУЦИИ

# Работилници за зачувување на менталното здравје кај деца и адолесценти

Во текот на Мај и Јуни, тимот на Мрежата во соработка со Канцеларијата на УНИЦЕФ спроведе низа работилници со професионалци кои работат со деца во ризик, но и со самите деца во ризик на тема: Зачувување на ментално здравје на деца и адолесценти во ризик.



Имено, работилниците за професионалци беа наменети за вработените во малите групни домови (МГД) односно ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми и нарушено поведение (25 Мај) – Скопје, како и за вработените во Центрите за социјална работа кои се старатели на децата од МГД и со наставниците, професорите и стручниот кадар во училиштата каде децата посетуваат настава. Се спроведоа 3 дводневни работилници на кои присуствуваа 48 професионалци од 8 Центри за социјална работа и 7 училишта, како и вработени во МГД. На работилниците беа опфатени клучни теми поврзани со психосоцијалниот развој на деца и адолесценти во ризик, вклучувајќи влијанието на траумата врз приврзувањето, комуникациските пристапи и поддршката за формирање позитивен став кон себе и околината. Преку теоретски и практични содржини, учесниците се оспособија за препознавање на потребите и зачувување на менталното здравје кај оваа ранлива група.

Дополнително, работилниците за деца беа спроведени со 21 дете од МГД, на возраст од 14 до 18 години. Дел од работилниците се одржаа во Граѓански ресурсен центар Скопје, а дел во природа, односно во Маврово. Со децата се работеше на :

- Однос со родителите/семејството со кои се сеуште во контакт;
- Напуштање на куќата и самостоен живот;
- Интимни врски со врсници (љубомора, доверба)
- Меѓусебна доверба, пријателство и поддршка (адолесценти од иста куќа, како и дружење со другите куќи);
- Резилиентност и сл.

Работилниците придонесоа кон јакнење на капацитетите на професионалците кои работат со деца во ризик, како и кон подобрување на емоционалната стабилност и социјалните вештини кај самите деца. Активностите овозможија простор за дијалог, поддршка и развој на резилиентност во безбедна и поттикнувачка средина.

# ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

# 2-РА СРЕДБА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ – УПП ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА СО ФОКУС НА НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕЦА

Во текот на Февруари се одржа втората средба со граѓански организации следствено на иницијалната средба за презентација на наодите на УПП (Универзален периодичен преглед) на човекови права која се одржа во Декември 2023г.

Имено, тимот на Националната мрежа учествуваше во подготовка на Извештајот за Универзалниот периодичен преглед на човековите права за северна Македонија, заедно со 6 други организации, како грантисти на Институтот за европска политика – ЕПИ Скопје. На иницијалната средба, освен презентација на наодите на УПП, се дискутираа и следни чекори за подобрување на состојбата со насилство врз жени и деца во С. Македонија.

Втората средба се фокусираше на споделување мислења и препораки за комуникациските пораки кои би се користеле во кампања заподигнување на јавната свест и информираност на јавноста за овие прашања. . Повеќето организации сметаат дека прашањето за насилство врз



жени и деца е обединувачко прашање за повеќето релевантни чинители, како и за граѓаните. Тоа би требало да биде водечко, а дополнително да се пренесат пораки за родовата еднаквост, и некои поединечни права/аспекти кои се најсилно засегнати како: женска сиромаштија, правото на породилно отсуства на земјоделките, родовиот јаз во плати, сеопфатно сексуално образование и други. Дискусијата продолжи во насока на предлог Законот за родова еднаквост и Стратегијата која треба да го наследи Националниот Акциски план за имплементирање на Истанбулската конвенција (2018-2023).

## Координативен состанок со партнерски организации – грантисти на Националната мрежа

Нашата програма за субгрантирање на женски организации во соработка со шведската фондација Kvinna till Kvinna продолжува и во 2024 г. По исцрпниот процес на мапирање и



селекција, заеднички одбравме четири организации, и тоа две кои веќе се вклучени во програмата за финанасиска поддршка на ЖГОи:Организацијата на жени на Општина Велес и Здружението на психолози, советници и психотерапевти КОРТЕКС од Тетово, како идве организации кои за првпат се вклучуваат во оваа програма : Здружението за еднакви можности Мрежа Стела и Иницијативата за правата на жените од Шуто Оризари.

Во месец март, го организиравме првиот координативен состанок со сите поддржани организации во социјалниот простор „Комитет“. На состанокот разговаравме за текот на проектните активности, за динамиката на финансиското известување и за начините на кои би можеле да ја подобриме меѓусебната соработка. Сите четири проекти во својот фокус го имаат застапувањето за женските права пред локалните и националните државни органи, а три од четирите организации се стремат да воспостават или веќе управуваат со свои советувалишни центри за жени жртви на насилство. Согласно веќе поставената законска регулатива, партнерските организации доколку ги исполнат стандардите можат да се лиценцираат како овластени даватели на услуги, а со тоа да добијат и финансиска поддршка од МТСП и да обезбедат континуираност во давањето на услуги. Оттаму, една од темите на дискусија беше и процесот на лиценцирање.

Програмата за субгрантирање цели да ги зајакне организациските капацитети на локалните женски организации, односно преку процес на менторство, да ги зајакне капацитеите за застапување, подготовка на алатки за застапување, како и нудење специјализирани услуги за помош и поддршка на жени и деца жртви. Крајната цел е Националната мрежа да има силни парнери на локално ниво со кои заеднички ќе делува кон остварување на мисијата и визијата на организацијата.



# Субгрантистите создаваат одржливи сервиси за жени и деца жртви на насилство

Во рамките на циклусот на субгрантирање 2024–2025, четири организации – *Организација на жените на Општина Велес, Здружение на психолози, советувачи и психотерапевти „Кортекс“ – Тетово, Иницијатива за правата на жените од Шуто Оризари* и *Мрежа Стела – Скопје* – реализираа значајни активности кои придонесоа за унапредување на системот на заштита од родово засновано и семејно насилство во Северна Македонија.

Нивните проекти овозможија стотици бесплатни психолошки и правни услуги за жени и деца жртви на насилство. Советувалиштата во Шуто Оризари, Велес и Тетово се етаблираа како препознаени и доверливи сервиси за локалните заедници, обезбедувајќи психо-социјална поддршка, информации за права и практични алатки за справување со насилството.

Особено важен резултат претставува институционалната поддршка на локално ниво за одржливост на сервисите. Општините Тетово, Теарце, Желино и Боговиње издвојуваат буџетски средства за оваа намена, додека Општина Шуто Оризари изработи програма со предвиден буџет за здруженијата што работат на превенција и заштита од семејно насилство. Во Велес, поддршката се реализира преку обезбедување простор за функционирање на советувалиштето, што е клучен предуслов за неговата достапност и стабилност.

Во насока на подигање на свеста, беа организирани бројни едукативни и јавни активности. Средношколци во Тетово учествуваа во циклус работилници за препознавање на насилството, жените во Шуто Оризари беа информирани за достапните услуги и нивните права, а преку медиумски кампањи и јавни настани се зголеми видливоста на проблемот и улогата на женските организации во неговото решавање.

Дополнително, акцент беше ставен на економското омоќување на жените. Подготвен е сеопфатен документ за политики за економските предизвици на жените и девојките, презентиран на јавни панели со институциите. Преку работилници за дигитални и финансиски вештини беа обезбедени знаења и алатки за зголемена конкурентност и економска независност на жените и граѓанските организации.

Овие резултати потврдуваат дека заедничките напори на женските организацииносат конкретни и мерливи промени: од директна поддршка за жртвите, преку институционални промени на локално ниво, до отворање нови перспективи за економска самостојност и достоинствен живот на жените и девојките во Северна Македонија.

# ОБУКА ЗА ДАВАТЕЛКИ НА УСЛУГИ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Во мај се реализира тридневна обука наменета за давателки на услуги кои работат со жени и деца жртви на семејно и родово базирано насилство. Целта беше зајакнување на нивните капацитети, сензитивизирање и унапредување на знаењата и вештините за обезбедување специјализирана поддршка.

Учесничките се запознаа со правната рамка и системот на заштита, концептот на советувалишен центар, психолошки пристапи во третманот на родово базирано насилство, динамиката на кругот на насилство, како и со техники за сензитивна комуникација и интервенција при работа со жртви. Обуката овозможи практична размена на искуства и продлабочување на експертизата во оваа критична област.

На обуката беа поканети и присутни давателките на услуги во Женските центри за поддршка во Скопје, Тетово и Битола со кои раководи Националната мрежа, даваталките на услуги од советувалиштето Комфорт Зона со кое раководи Хуманитарно здружение Мајка, Кризен Центар НАДЕЖ од Скопје, Иницијатива на жени од општина Шуто Оризари, Организација на жени на општина Велес, Мрежа Стела, СЕМПЕР од Битола и Ромска асоцијација за жени и млади ЛУЛУДИ.

Обучувачки беа Деспина Стојановска – психолог/психотерапевт, Катерина Златановска Попова – кариерна советничка и обучувачка за меки вештини, Ана Аврамоска Нушкова – правна советничка и Елена Димушевска – психолог/психотерапевт.





# Прва обука со локални женски граѓански организации – грантисти

Во Декември 2024г. се одржа првата обука од трите планирани за селектираните организации грантисти во рамките на проектот “СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство“, финансиран од Европската Унија.

Имено, како дел од активностите за јакнење на капацитетите на локални женски граѓански организации, преку јавен повик, избрани се 6 организации кои во текот на 18 месеци се поддржани со грант за имплантација на индивидуални проекти. Избраните организации се: Здружение на психолози, психотерапевти и советувачи „КОРТЕКС“ Тетово; Центар за Еднакви Можности „Бубамара“ – Гостивар; Рурална коалиција – Кичево; Здружение за развој и активизам „АКВА“ – Струга; Спорт Соушал Солушнс, и Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ Прилеп.



Со цел унапредување на знаењата и вештините на организациите, првата обука беше на тема: Раководење со проекти, финансии и административно работење, и истата траеше 3 дена, односно од 16 до18 Декември. На обуката учествуваа претставници од сите организации грантисти кои заедно со тимот на Националната мрежа работеа на тоа како најуспешно да ги имплементираат нивните проекти на локално ниво, за да се добие значаен импакт во овие локални заедници.

22

# АКТУЕЛИЗИРАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО НАСИЛСТВО ВРЗ ЖЕНИ

# Црвена линија – правата на жените не се за преговарање

На 8-ми Март (2024), стотици жени и мажи маршираа заедно на улиците на Скопје во чест на Меѓународниот ден за економска, политичка и општествена борба за рамноправноста на жените. Организиран од Платформата за родова еднаквост, овој марш не беше само прилика да се изрази поддршка за женските права, туку и акт на протест против сите форми на негрижа, насилство и нерамноправност кон жените и девојките.

Под слоганот „Црвена линија – правата на жените не се за преговарање", маршот беше предупредување за политичките чинители во предизборниот период, период кога се водат интензивни политички, економски и социјални преговори, дека граѓанските организации будно ја следат ситуацијата и дека нема да дозволат регресија на женските права. Од плоштадот Скендербег до паркот Жена-борец, учесниците маршираа носејќи плакати, извикувајќи пароли и барајќи ја правдата на улица. На две места – пред Владата и пред Собранието – беше поставена симболична црвена линија од платно на која секој можеше да си остави своја порака до институциите и до јавноста. На стартната и на крајната точка на маршот го прочитавме и прогласот во кој ги наведовме нашите 8 црвени линии за 8-ми Март:

1. Мое тело, мој избор.
2. Еднакви плати меѓу мажите и жените и вреднуван домашен труд на секоја жена.
3. Општество кое препознава фемицид.
4. Работнички права за жените во независниот културен сектор.
5. 50% жени на раководни позиции.
6. Платено породилно отсуство за секоја земјоделка.
7. Нула невработени жени поради недостаток од градинки.
8. Нула заминати млади поради мито и корупција.

Маршот за женските права не е само една обична осмомартовска акција, туку дел од постојната борба за рамноправност и правда која го обединува не само регионот, туку и целиот свет. Борбата продолжува – во канцелариите, институциите, медиумите, организациите – и, секако, на улица.



## 50 ГОДИНИ ИНСТИТУТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА

Од 3ти до 5-ти Јуни на Филозофскиот факултет во Скопје, се одржа Меѓународна научна конференција под наслов „Нови хоризонти во психолошката наука и практика“, по повод 50 години постоење на Институтот за Психологија при Филозофскиот факултет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.



Извршната директорка на Националната мрежа, Елена Димушевска, беше една од говорничките на првиот ден во сесијата „Добросостојбата и менталното здравје на деца и адолесценти. Во своето излагање Димушевска ги претстави наодите и препораките на Мапирањето на постоечки услуги за грижа за менталното здравје на деца, адолесценти и млади луѓе во Северна Македонија. Ова истражување беше изработено во соработка со канцеларијата на УНИЦЕФ и опфаќа детален преглед на социјалните услуги наменети за деца и адолесценти во Северна Македонија, со посебен осврт на зачувување на менталното здравје кај адолесценти и млади, и обезбедување на достапна и бесплатна психосоцијалната поддршка за сите на кои им е потребна.

## Појадок со новинари – работна средба со медиумските работници

Во Октомври се одржа работна средба насловена како „Појадок со новинари“ чија цел беше да се зборува за состојбата со родовата еднаквост во државата и како медиумите можат да ги поддржат активностите на граѓанските организации на оваа тема.

Дополнително, на средбата беше презентирана и нацрт кампања фокусирана на унапредување на родовата еднаквост, под наслов „Еднакви пати, заедничка цел“.



Присутните новинарки дадоа свој осврт на случувањата со родовата еднаквост и родово базираното насилство во државата, и споделија со какви предизвици се соочуваат во нивната работа. Дискутиравме како можеме заеднички да си помогнеме во пренесување на точните информации до јавноста.

Заклучивме дека иако на глобално и национално ниво има унапредување на родовата еднаквост, сè уште постојат предизвици кои треба да се надминат за да се обезбеди целосна еднаквост и заштита на правата на жените. Поради тоа, постоењето за кампањи кои ќе придонесат дон подобрување на состојби е од исклучително значење.

# „ВАЖНОСТА НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИ И ДЕВОЈЧИЊА" – СЕРИЈА ПАНЕЛ ДИСКУСИИ ВО ПОВЕЌЕ ГРАДОВИ НИЗ ДРЖАВАТА

Во текот на Ноември и Декември Националната мрежа организираше 3 панел-дискусии во 3 градови, кои се дел од серија вакви настани кои продолжуваат во 2025г. низ државата. Настаните на тема „Важноста на родовата еднаквост за спречување на насилството врз жени и девојчиња" се одржаа на 27-ми Ноември 2024г. во Кичево, 29-ти Ноември 2024г.во Скопје и 05-ти Декември 2024г. во Гостивар.




Концептот на овие панел-дискусии е фокусиран на различните аспекти на родовата еднаквост и како тие влијаат врз родово базираното и семејното насилство. Поради тоа, на панел дискусиите имаше повеќе говорнички кои зборуваа за одреден аспект кој е во нивната експертиза. Па така, Ана Бојчевска Митреска (Реактор) зборуваше за родовиот јаз во плати, Уранија Пировска (Хелсиншки комитет) за работничките права на жените, Лилјана Јоноски (Рурална коалиција) и Билјана Петровска Митревска (Национална федерација на фармери) за предизвиците на руралните жени, Александра Иловска (Паблик) и Климентина Илиевски (Паблик) зборуваа за социјалното менторство и економското јакнење на ранливи жени, Билјана Дуковска (Македонска платформа против сиромаштија) - Женска сиромаштија, и Ана Аврамоска Нушкова и Елена Димушевска од Националната мрежа за пристапни и достапни специјализирани услуги за жени и деца жртви на различни форми на родово базирано и семејно насилство..

Настаните ги обединија локалните институции, организации и граѓани, поттикнувајќи конструктивни дискусии за прашања поврзани со родова еднаквост. Ова укажува на недостиг од вакви простори на локално ниво, каде што може да се разменуваат мислења, искуства и информации по оваа тема.

# Централен настан на ОБСЕ: „Насилство врз младите жени и девојки: сексуално вознемирување, демнење и контролирачко однесување“

Со цел одбележување на почетокот на глобалната кампања „16 дена активизам против насилство врз жени и девојчиња“, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, организираше настан на 24-ти Ноември 2024г. Настанот го отвори шефот на Мисијата на ОБСЕ, амбасадорот Килиан Вал.

Извршната директорка на Националната мрежа, Елена Димушевска беше една од говорничките на настанот, која исто така ја потпиша и „Декларацијата на намери“. Декларацијата претставува заедничка заложба на институциите, организациите и младинските претставници за системско спречување на насилството врз млади жени и девојки, преку образование, поддршка, истражување и подигнување на јавната свест. Потписниците се обврзаа да обезбедат безбедни и достапни сервиси за поддршка, да спроведуваат едукација за родова еднаквост, да го поттикнат активното учество на младите во заедницата и да поддржат реформи на политики и закони кои гарантираат заштита и еднакви можности.




Меѓу потписниците на Декларацијата се проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, претседателка на Република Северна Македонија, проф. д-р Весна Јаневска, министерка за образование и наука, претставници на локални училишта, младински организации и невладини организации активни во борбата за ставање крај на насилството врз жените.

Со потпишувањето на Декларацијата се направи клучниот прв чекор.

# Трибина во Битола: Да зборуваме гласно против насилство врз жените и семејно насилство

На 2-ри декември, во просториите на Кино Манаки во Битола, се одржа трибина посветена на важноста од превенција и пријавување на насилство врз жените и семејно насилство. Настанот, организиран од Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ во соработка со Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство, собра голем број заинтересирани граѓани и граѓанки кои активно се вклучија во дебатата.

Говорнички на трибината беа Сара Масалковска, социјална работничка, и Наташа Беќирова, психолог и психотерапевт, претставнички на Женскиот центар за поддршка – Битола. Тие ја претставија работата на центарот и ја истакнаа неопходноста од подигнување на свеста за проблемот и охрабрување на жртвите да го пријават насилството.

На настанот учествуваа и инспектори за превенција и семејно насилство од СВР – Битола, кои споделија практични информации и свои искуства од терен. Присутните покажаа голем интерес за темата, поставувајќи прашања и иницирајќи дискусии за значењето и последиците од насилството, како и за начините како да се заштитат жртвите.





# 28

# АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ СРЕДСТВА

# Со собрани 118 600 денари, донација на Халкбанк

Втора година по ред, Халкбанк директно ги донираше сите средства собрани од продажната изложба и онлајн продажбата на „Фустани со цебови 2.0“, која се одвиваше преку дигиталното издание на списанието портрет – portret.digital. Собраните средства одат во Интервентниот женски фонд за поддршка на сите жени што се соочиле со некој вид семејно насилство или насилство врз жени, во соработка со Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.

Преку продажба на креациите – донации од познатите македонски дизајнерки Јована Филиповиќ, Ирина Тошева, Наталија Терзија и дизајнерот Марјан Бебекоски – се собраа 118 600 денари што Халкбанк директно ќе ги насочи кон финансиската и економската самостојност на жените.




Интервентниот фонд е прв фонд наменет за финансиска и специјализирана помош и поддршка на жени жртви на насилство што сакаат да ја напуштат или ја напуштиле насилната средина. Директната парична донација на Халкбанк ќе биде наменета за интервентна помош при: домување, трошоци за медицински интервенции и прегледи, храна и хигиена, адвокатски услуги за жените што имаат потреба од правна помош, како и за нивните деца, но и за какви било други материјални трошоци што може да ги има жената во процесот на напуштање на насилната средина.

*„Како што најавивме минатата година, така продолжуваме и оваа, втора година по ред континуирано и посветено да им даваме поддршка на сите жени на кои им е неопходна помошта. Од сè срце им благодариме на сите што издвоија време и средства за да се вклучат во новата хуманитарна акција на ФСЦ, преку која заедно придонесуваме со*

*финансиска поддршка за оние на кои таа им е повеќе од потребна. Оваа донација претставува уште една мала освоена победа во нашата борба за зголемување на финансиската слобода, едукација и моќта на жените во земјата“,* изјави Маја Наумовска Савеска, директорка на корпоративни и маркетинг-комуникации во Халкбанк.

„Во 2017 година го основавме Интервентниот женски фонд со цел да обезбедиме финансиска поддршка, која е од клучно значење за жените што сакаат да ја напуштат насилната средина.

***Фондот се финансира исклучиво преку донации од физички и правни лица, кои ќе ја препознаат неговата важност. Особено сме ѝ благодарни на Халкбанк што и оваа година ја препозна суштинската важност на оваа помош за жените што се соочуваат со насилство. Веќе втора година ја добиваме нивната поддршка, која ни овозможува успешно да ја продолжиме нашата мисија – обезбедување целосна помош и поддршка за жените и децата жртви на семејно насилство. Партнерството со Халкбанк е од клучно значење за нас, бидејќи ни овозможува не само да ги продолжиме, туку и да ги прошириме нашите активности обезбедувајќи долгорочна стабилност и поголема безбедност за најранливите. Благодарејќи на оваа соработка, жените добиваат шанса за нов почеток и подобра иднина“, изјави Ана Аврамоска Нушкова, проектна координаторка во Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство.***

Со оваа донација, Халкбанк успешно ги заокружи активностите што се дел од платформата „Фустани со џебови 2.0“ за оваа година, каде што централно место заземаат женската самостојност и финансиската рамноправност.

## Интервентен женски фонд

Во 2024 година, во **Интервентниот женски фонд** имаше донации од 324.873 денари, **од кои** 424.751 денари беа потрошени за програмата за домување, вклучувајќи месечна закупнина, режиски трошоци и други потреби на корисничките, 220.500 денари за храна, хигиена, медицински и училишни потреби, 423.887 денари за правни услуги и 481.238 денари за одржливост на женските центри за поддршка. Подолу е даден преглед на потрошените средства и донациите за целата година.






31

# ЖЕНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ КАКО СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ СЕРВИСИ ЗА ЖЕНИ И ДЕЦА ЖРТВИ НА РБН и СН

# Обезбедени специјализирани услуги за жени и деца – жртви на родово базирано и семејно насилство за 2024г.

**Женски центар за поддршка – Скопје**

Во рамките на Женскиот центар за поддршка – Скопје, во текот на 2024г. биле обезбедени вкупно 1312 услуги за 265 жени жртви на насилство и 53 деца.

Од обезбедените услуги, 864 услуги биле дадени од социјална работничка кои вклучуваат: советување за остварување на социјални права, упатување, придружба и застапување пред релевантни институции и други граѓански организации. Психотерапевтките/психолозите обезбедиле 239 услуги за жени и деца жртви на РБН и СН. Во однос на правната помош и поддршка, правната советничка обезбедила 163 услуги кои вклучуваат правно информирање, упатување до друга институција и писмени поднесоци. Дополнително, обезбедени се 23 адвокатски застапувања во надлежните судови. Во 2024 г. кариерната советничка обезбедила 46 услуги со кои опфатила вкупно 40 жени.

**Женски центар за поддршка – Тетово**

Во рамките на Женскиот центар за поддршка – Тетово, во текот на 2024г. биле обезбедени вкупно 563 услуги за 69 жени жртви на насилство и 62 деца.

Од обезбедените услуги, 264 услуги биле дадени од социјалната работничка кои вклучуваат: советување за остварување на социјални права, упатување, придружба и застапување пред релевантни институции и други граѓанск организации. 249 услуги се обезбедени од психолог/психотерапевтка, кои биле во форма на индивидуално и групно советување. Од правен советник се обезбедени 31 услуга, од кои 2 се адвокатски застапувања. Исто така биле обезбедени и 19 кариерни советувања.

**Женски центар за поддршка – Битола**

Во 2024 г., Женскиот центар за поддршка – Битола обезбеди вкупно 335 бесплатни услуги за поддршка на 41 жени жртви на родово базирано и семејно насилство и 23 деца.

Од вкупниот број на услуги, социјалната работничка обезбедила 51 услуга за советување за социјални права, како и за упатување, придружба и застапување пред релевантните институции и другите граѓански организации. Психологот и психотерапевтката за деца заеднички обезбедиле 238 услуги за индивидуално и групно советување. Адвокатката/правната советничка дала 34 услуги за застапување пред суд и поднесоци до институции. Дополнително биле обезбедени и 12 кариерни советувања за 12 жени жртви.

Во 3-те центри најмногу било пријавувано психичкото и физичкото насилство (85%), каде секоја од корисничките изјавила дека се справува и со физичко и со психичко насилство. Кај 65 кориснички, дополнително е идентификувано и економско насилство, а кај 30 кориснички и демнење. Други 2 кориснички биле жртви на силување во брак, и 7 на силување од познат сторител. Имало и 1 корисничка кои биле вознемирувани на јавен простор, и дури 8 обиди за убиство од интимен партнер.

## Серија бесплатни работилници – Кој е мојот потенцијал?

Во текот на Април, Мај и Јуни спроведовме низа бесплатни работилници за економско јакнење и личен развој на жени и девојки од Скопје, Тетово, Куманово и Битола. Како и досега, работилниците ги осмисли и спроведе нашата Катерина Златановска Попова, кариерна советничка и обучувачка за меки вештини.

88 жени и девојки беа дел од 8 работилници, насловени со „Кој е мојот потенцијал?" и дел за женско претприемништво. Во рамките на работилниците учесничките можеа да научат нешто повеќе за техниките за поставување цели и нивна успешна реализација, процена на своите лични вештини и знаења, како и идентификација областите на кои им е потребно подобрување, потоа како да создадат личен развоен план, а најважно можеа да ги споделуваат своите искуства и идеа, и да добијат поддршка и инспирација од другите учесничките, креирајќи нови пријателства.



# 13-то годишно Собрание на Мрежата

На 27ми Мај 2024г. се одржа 13-тото годишно Собрание на Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство. На истото присуствуваа претставнички од 15 организации членки од вкупно 21 членка.

Во воведниот дел, Извршната директорка Елена Димушевска даде генерален осврт на досегашната работа на Мрежа и целокупната ситуација во државата со посебен акцент на изборите и пост изборните резултати. По ова, беа презентирани наративниот и финансискиот извештај за 2023г., како и спроведените проекти и активности, но и тековните проекти во 2024г.

По усвојувањето на извештаите, Ана Аврамоска Нушкова го презентираше новиот Правилник за работни односи кој се однесува на ангажираните и вработени лица во Извршната канцеларија на Мрежата. Посебно внимание се посвети на одредбите за заштита од корупција кои бараат дополнително ангажмани за дел од членките на Собранието како и Управниот одбор на Мрежата.  Дополнително повторно беше презентиран Правилникот за заштита од сексуално вознемирување на деца и други клиенти, со препорака до организацините кои немаат ваков правилник а работат на директна помош и поддршка на жени и деца жртви на насилство да го изработат и усвојат во нивните внатрешни политики.

На крајот од ова Собрание се разви дискусија во однос на јакнењето на женските граѓански организации со посебен фокус на локално ниво, како и потребата од формирање посебен Фонд кој финансиски ќе им помага на граѓанските организации кои раководат со специјализирани сервиси. Целта на фондот би била да се обезбеди постојаност на услугите, како и финансиска стабилност и одржливост на самите сервиси.



## Практична настава за студенти во Женски центар за поддршка Скопје

Во текот на март, април и мај во рамките на Женски центар за поддршка – Скопје, се спроведе програма за практична настава на 3 студентки на Институтот за социјална работа и социјална политика, во соработка со Филозофскиот Факултет во Скопје.

Програмата започна со 3 едукативни средби со тимот на Извршната канцеларија каде студентките можеа да научат нешто повеќе за проблематиката на родово базираното и семејно насилство, како и системот за заштита на жени и деца жртви на насилство. Особено внимание се посвети на улогата на социјалните работници во овој систем.

Понатаму, практичната настава продолжи со менторство на координаторката на Женски центар за поддршка – Скопје, каде студентките подетално и поблиску се запознаа со работата на социјалната работничка како и функционирањето на советувалишен центар за жени и деца жртви на насилство.

Во период од 3 месеци, програмата за практична настава овозможи значително унапредување на знаењата и вештините на студентките, што е од особено значење за нивното високо образование, но понатамошниот избор на професија по завршување на студиите.

## Посета на Амбасадорката на САД во Женски центар за поддршка - Скопје

На 04-ти Декември по своја иницијатива, Нејзината Екселенција, Амбасадорката на САД, Анџела П. Агелер, го посети Женски Центар за поддршка - Скопје и ја изрази посветеноста на Американската амбасада во борбата против насилство врз жените и семејното насилство.



Амбасадорката Агелер ја истакна исклучителната важност на работата на Националната мрежа, особено во обезбедувањето на директни специјализирани услуги за жените жртви и нивните деца. Таа ја нагласи и важноста од реинтеграцијата и економското јакнење на жените кон целосна независност, како и живот без насилство. Особено сме благодарни на Амбасадорката и на Амбасадата на САД во Северна Македонија за целокупната поддршка која ја обезбедуваат за Националната мрежа и заложбите за заеднички напори кон подобрувањето на состојбата со родово базираното и семејното насилство.

# 36

# РАЗВИВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНА (РЕГИОНАЛНА) СОРАБОТКА

# Презентација на УПП за насилство врз жени и деца на 55-та Сесија на Советот за човекови права во Женева

Од 26-ти Февруари до 5-ти Април во Женева во канцелариите на Обединетите Нации се одржа 55-тата Сесија на Советот за човекови права.

Елена Димушевска, Извршната директорка на Националната мрежа учествуваше како панелистка на овој настан и го презентираше придонесот на Универзалниот периодичен преглед (УПП) на човековите права, со фокус на насилство врз жени и деца за Северна Македонија. Имено, тимот на Мрежата подготви краток придонес со поддршка на Институтот за Европска Политика (ЕПИ) Скопје, по што на покана на Advocates for Human Rights, истиот беше доработен и проширен и доставен до Канцеларијата на Високиот комисионер за човекови права.

Димушевска, која го подготви извештајот учествуваше на повеќе состаноци со претставници на ООН каде се презентираше овој извештај. Имено, заедно со Advocates for Human Rights, Стефани Футер-Орел од WAVE Network (Жените против насилството во Европа), Сузана Павлу, од Медитеранскиот институт за Родови студии и младите активисти Елиф Озтурк и Луиз Розенбаум, учествуваа на повеќе состаноци и настани, меѓу кои 55-та сесија на Советот за човекови права. Сесијата се одржа токму на 8ми Март, каде што се прослави Меѓународниот ден на жената, дополнето со лични видео пораки од претставничките. Тие исто така учествуваа на брифинзи со независни експерти на Комитетот за човекови прави на ООН, како и Комитетот на ООН за економски, социјални и културни права, потоа состаноци со делегати на Советот за човекови права како и Специјалниот известувач за мигранти и Работната група за дискриминација на жените. Advocates for Human Rights и партнерите презентираа родова анализа на прашањата за човековите права во Авганистан, Кипар, Еритреја, Северна Македонија, Обединетото Кралство, Виетнам и Јемен.



# Регионална работна средба: Заедничка акција против анти-родовите движења

На 25 октомври 2024 година, во Скопје се одржа првата регионална работна средба на граѓански организации од Северна Македонија и Косово, посветена на споделување искуства и согледувања поврзани со анти-родовите движења во регионот. Учесниците дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат активист(к)ите за родова еднаквост и ЛГБТИ заедниците, како и за нападите што ги трпат во офлајн и онлајн просторот.

Средбата ја отвори амбасадорот на Франција во Скопје, неговата екселенција Кристоф Ле Риголе, кој го претстави регионалниот проект „Во одбрана на правото да бидам ЈАС“. Во своето обраќање, амбасадорот ја истакна позитивната промена во законодавството на Северна Македонија во однос на родово базираното насилство и родовата еднаквост, и изрази силна поддршка за активностите во рамките на проектот.

Проектот се реализира во партнерство со Амбасадата на Франција во Скопје, Stella Network (Северна Македонија), Фондацијата Jaxjara, CEL Kosova и CSGD Kosovo, и вклучува низа локални активности насочени кон унапредување на правата и безбедноста на младите, жените и ЛГБТИ заедниците. Средбата претставува значаен чекор кон регионална солидарност и координирана акција против движењата што ја поткопуваат борбата за родова еднаквост.



.

# Мониторинг на судски постапки за родово базирано насилство и регионални иницијативи за превенција на фемицид

Во текот на 2024 Националната мрежа против насилство врз жени и семејно насилство продолжи со систематско мониторирање на 13 судски постапки поврзани со родово базирано насилство во Скопје и неколку регионални судови (Штип, Куманово, Велес и Кочани). Мониторингот опфати следење на судски постапки за кривични дела поврзани со семејно насилство: телесни и тешки телесни повреди, загрозување на сигурност, прекршување на привремени мерки за заштита, како и три случаи на убиство на жена, од кои едниот беше класифициран како фемицид. Овој процес покажа дека иако во екстремни случаи судовите применуваат ригорозни казни (доживотен затвор), кај повторливи и високо ризични случаи и понатаму преовладуваат поблаги пресуди, слаба примена на мерките за заштита и недостиг на траума-информиран пристап.



Клучните наоди потврдуваат дека измените во Кривичниот законик од 2023 година – како воведување на согласност-базирана дефиниција за силување, криминализација на прогонување, вознемирување, осакатување на женски гениталии и признавање на фемицид – се применуваат во практика, но не секогаш конзистентно. Сторителите се претежно мажи на возраст од 32 до 55 години, често невработени или во нестабилни работни односи, а жртвите се жени од 30 до 70 години, најчесто сегашни или поранешни партнерки, кои се соочуваат со финансиска зависност и социјална изолација. Мониторингот исто така укажа на чести одложувања на рочишта поради административни и кадровски пречки, ограничување на сведочењето на жртвите од страна на судиите, формалистички пристап на обвинителите и случаи на виктимизирачки прашања од одбраната. Во повеќе предмети беа изречени условни казни дури и во ситуации со отежнувачки околности, како изложеност на деца или повторливост на насилството.

# Регионален форум за фемициди: Заедничка акција за спречување на екстремното насилство врз жените




Покрај националните активности, Мрежата активно се вклучи и во регионални иницијативи насочени кон спречување на фемицид и родово базирано насилство. Во октомври 2024 година, во Белград се одржа Регионалниот форум за фемициди, организиран од Мисијата на ОБСЕ во Србија и граѓанската организација FemPlatz. Претставничка од Мрежата беше извршната директорка, Елена Димушевска.

Форумот собра над 60 учесници од различни земји од регионот, меѓу кои претставници на институции, граѓански организации и експерти од Србија, Северна Македонија, Косово, Хрватска и Грузија. Настанот се надоврза на наодите и заклучоците од претходниот форум, продлабочувајќи теми кои се препознаени како клучни за спречување на фемицид и родово засновано насилство врз жените.

На средбата беа отворени три главни теми:

- Модели на функционирање на независно тело за следење на фемициди (Femicide Watch), искуства од различни земји и активности за застапување за негово воспоставување;
- Инкриминација на фемицидот како посебно кривично дело, со осврт на регионалните искуства и правни предизвици;
- Регионална соработка и заедничко делување во превенцијата на фемицид и унапредување на институционалните одговори.

Учесниците споделија добри практики, предизвици и предлози за подобрување на законската рамка и институционалните механизми за заштита. Особено беше нагласена потребата од подобрување на статистичките системи, развој на мониторинг методологии и засилување на активностите за застапување. Форумот потврди дека во повеќето земји од регионот се бележи засилено ангажирање на активистки, експертки и други чинители во пронаоѓање системски решенија за справување со фемицидот.

Овој форум претставува значаен чекор кон регионална солидарност, координирана акција и застапување за заштита на женските животи.

# 41

# ПУБЛИКАЦИИ – ИСТРАЖУВАЊА/ АНАЛИЗИ

## Тематски извештај: Зајакнување на правната заштита од сексуално насилство преку слики и дипфејк технологија

Во рамките на поддршката за млади истражувачки беше подготвен тематски извештај на тема: *Зајакнување на правната заштита од сексуално насилство преку слики и дипфејк технологија*. Авторка на овој извештај е Мартина Дранговска Мартинова.




Темата за насилство со употреба на дигиталните технологии е исклучително важна и актуелно во денешното општество, но истата не е соодветно регулирана во националното законодавство. Извештајот ги наведува главните предизвици при справување со овие форми на насилство, но и клучните препораки за унапредување на ваквата состојба. Она што е клучно, е дека е потребно воведување ново кривично дело за оваа форма насилство, со кое ќе се предвидат и соодветни казни за сторителите. Целосниот извештај е достапен на овој линк, како и 2-пејџер со клучните поенти на овој линк.

## Тематски извештај: Рамнотежа помеѓу „Заедничко родителство" и најдобар интерес на детето

Во рамките на програмските активности беше подготвен тематски извештај на тема: **„Рамнотежа помеѓу заедничкото родителство и најдобриот интерес на детето“.** Авторка на извештајот е Наташа Петковска, која ги обработува предизвиците и импликациите од примената на концептот на заедничко родителство/старателство во македонскиот контекст.




Извештајот дава мултидисциплинарен преглед – од психолошките последици врз децата кои растат во конфликтни семејни односи, преку правните аспекти и судската практика, до ризиците што произлегуваат од примената на заедничко старателство во ситуации на семејно насилство. Особен акцент е ставен на потребата од воспоставување на механизми за заштита на жените и децата жртви на насилство при евентуално воведување на вакви модели.

Заклучокот што произлегува од извештајот е дека македонското општество во моментов **сè уште не е подготвено за примена на концептот на заедничко родителство**, бидејќи недостигаат соодветни системски предуслови, законска рамка и институционална поддршка за заштита на најдобрите интереси на детето. Тема од ваков сензитивен карактер бара широка јавна дебата и внимателна подготовка, пред да се размислува за нејзина практична примена.

# Премостување на јазот во економското зајакнување на жените и девојките во Северна Македонија - Достапни можност, мерки, предизвици и препораки

Заедно со Здружението за еднакви можности – Мрежа Стела, беше подготвен и презентиран тематски извештај на тема: „Премостување на јазот во економското зајакнување на жените и девојките во Северна Македонија: Достапни можности, мерки, предизвици и препораки“.

Извештајот се фокусира на постојните и идните мерки за вработување достапни преку Оперативниот план за активни мерки и програми за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2024 година. Притоа се разгледуваат клучните резултати и постигнувања, но и предизвиците со кои жените и девојките се соочуваат при користење на овие мерки, како и при започнување сопствен бизнис. Особено внимание е посветено на ранливите категории – самохрани мајки, жени земјоделки и жени кои преживеале насилство – кај кои бариерите за економска независност се најизразени.




Како заклучок, извештајот укажува на потребата од индивидуализиран пристап при креирањето на мерките за вработување, земајќи ги предвид специфичните потреби на секоја жена, како и воспоставување на долгорочен и функционален менторски систем кој може да обезбеди одржливи резултати. Дополнително, се нагласува значењето на кариерното советување и менторството како алатки за јакнење на самодовербата, зајакнување на капацитетите и создавање услови жените да ја остварат својата економска независност.

# Финансиски извештај

## Поделба на приходи по проекти за 2024г.

| Донатор | Назив на проект | Приходи по проекти | % |
|---|---|---|---|
| Квина тил квина | На пат кон ЕУ: Стоп за насилство врз жените во Република Македонија | 7.102.376 ден. | 32 |
| Делегација на Европска Унија | СЕ ГРИЖИМЕ: Заедно се бориме против сексуалното и родовото насилство | 6.971.531 ден. | 32 |
| Австриска развојна агенција (АДА) | „Институционализирање на квалитетни сервиси за рехабилитација и интеграција на жени жртви на насилство II“ | 1.535.500 ден. | 7 |
| Француско министерство за надворешни работи и Европа | Во одбрана на правото да бидам „Јас“ | 1.496.951 ден. | 7 |
| Министерство за социјална политика, демографија и млади | Советувалишта за жени и деца жртви на насилство и семејно насилство – Скопје и Тетово | 1.418.564 ден. | 6 |
| УНИЦЕФ | Пат напред: Решенија за подобар одговор на потребите за ментално здравје и психосоцијална поддршка за децата и младите во С. Македонија | 1.203.489 ден. | 5 |
| Општина Битола | Женски центар за поддршка - Битола | 1.000.000 ден. | 5 |
| Амбасада на САД во Република Северна Македонија | Економско јакнење и реинтеграција на жени жртви на РБН и СН | 390.933 ден. | 2 |
| Институт за европски политики (ЕПИ) | Насилството врз жените како приоритет на националните институции | 257.051 ден. | 1 |
| Град Скопје | Советувалиште за жени и деца жртви на насилство | 197.748 ден. | 1 |
| АИРЕ | Следење на судски случаи за фемицид и родово базирано насилство | 180.410 ден. | 1 |
| Конект | Р Партнерство за ментроство во мобилизирање ресурси | 140.000 ден. | 1 |
| | Вкупно | 20.397.602 ден. | 100 |


Приходи по проекти 2024
32%
32%
7%
7%
6%
5%
5%
2%
1%
1%
1%
1%
КТК - На патот кон ЕУ: Спречување на насилство врз жените во Република Македонија
Делегација на ЕУ - СЕ ГРИЖИМЕ - Заедно се бориме против сексуално и родово базирано насилство
АДА - Институционализирање на услуги за реинтеграција на жени жртви на насилство II
Француско министерство за надворешни работи и Европа - Во одбрана на правото да бидам ЈАС
Министерство за социјална политика, демографија и млади - Советувалишни центри за жени и деца жртви на насилство во Скопје и Тетово
УНИЦЕФ - Патот напред: Решенија за подобар одговор на потребите за ментално здравје и психосоцијална поддршка на деца и млади во Северна Македонија
Општина Битола - Женски центар за поддршка Битола
Амбасада на САД во Република Северна Македонија - Економско јакнење и реинтеграција на жени жртви на РБН и СН
Институт за европска политика (ЕПИ) - Насилството врз жените како приоритет на националните институции

## Поделба на вкупни трошоци за 2024г.

| Категорија | Поделба на трошоци | % |
|---|---|---|
| Персонал | 7.084.889 ден. | 48 |
| Активности | 6.602.768 ден. | 45 |
| Административни и други трошоци | 1.017.755 ден. | 7 |
| Вкупно | 14.705.412 ден. | 100 |



# Тимот на мрежата

**Извршна канцеларија:**

Елена Димушевска – Извршна директорка
Силвана Ивановска – Финансиска координаторка
Ана Аврамоска Нушкова – Проектна координаторка
Маја Балшиќевска – Проектна координаторка
Марија Арсенкова – Проектна асистентка
Маја Тодоровска – Финансиска координаторка
Хајди Штерјова Симоновиќ – Проектна координаторка

**Женски центар за поддршка – Скопје**

Благородна Божиновска – Координаторка на центарот/ Социјална работничка
Ирена Жунгулова – психолог за работа со деца
Билјана Славковска – адвокатка/ правна советничка
Катерина Златановска Попова – кариерна советничка

**Женски центар за поддршка – Тетово**

Валентина Матовска – Координаторка на центарот
Билјана Радичевска – психолог
Мајлинда Абази – психолог за работа со деца

**Женски центар за поддршка – Битола**

Сара Масалковска – социјална работничка
Александар Мицевска – психолог
Наташа Бекирова - психолог
Марија Томевска Петковска – правна советничка
Ирена Туфекчиева – кариерна советничка

# Донатори

KVINNA KVINNA
The Kvinna till Kvinna Foundation

Sweden
Sverige

Овој проект е поддржан
од Европската Унија.

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за европска политика. Скопје

Република Северна Македонија
Министерство за труд
и социјална политика

unicef

U.S. Embassy Skopje

AMBASSADE DE FRANCE EN MACÉDOINE DU NORD
Liberté
Égalité
Fraternité

MINISTÈRE DE L'EUROPE ET DES AFFAIRES ÉTRANGÈRES
Liberté
Égalité
Fraternité

Austrian Development Agency

THE AIRE CENTRE
Advice on Individual Rights in Europe

ГРАД СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT

Општина Битола

## Поддржувачи

NLB Banka

MOZZART

HALKBANK

SPARKASSE Bank

ОСИГУРУВАЊЕ МАКЕДОНИЈА
VIENNA INSURANCE GROUP

Symphony Solutions

Qinshift
Experience the shift